Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Агенција за млади и спорт**

Бр12 – 2732/66
05.12.2018 год.
*Агенција за млади и спорт*
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашнаров“,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
+389 (0) 2 3126-270
Факс:+389 (0) 23117-693
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) а во врска со член 7 од Правилникот за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите со бр.01-2683/1 од 06.11.2018, Националната стратегија за млади (2016-2025), Програмата за работа на Сектор млади за 2018, Извештај од комисија со бр. 12-2732/65 од 03.12.2018 година, директорот на Агенцијата за млади и спорт донесе,

## ОДЛУКА

за доделување финансиски средства за поддршна на проекти од областа на младите

1. Се распределуваат финансиски средства во висина од 2.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија на Агенцијата за млади и спорт за 2018 година („Сл. Весник на РМ“ бр. 169/2017) во делот за млади, наменети за поддршка на проекти од областа на мадите, од потпрограма - 30, ставка 463 - трансвер до невладини организации.
2. Висината на финансиските средства, се доделуваат на следниве Здруженија на граѓани:

| Ред. бр. | Назив на организација | Назив на проект | Одобрен буџет |
|---|---|---|---|
| 1. | Здружение на граѓани ЕКО ИНТЕГРАЦИИ – Скопје | **Здрави навики за млади – млади велосипедисти** | 289.600 |
| 2. | Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН скопје | **Зелени вештини за млади** | 118.487 |
| 3. | Здружение ЕДНАКВИ ЗА СИТЕ Кочани | **Здрави животни навики** | 232.120 |
| 4. | Здружение за дислексија АЈНШТАЈН Скопје | **Младите против говор на омраза** | 290.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје | **Здружени за посилно граганско општество** | **290.000** |
| **6.** | Здружение ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ Скопје | **Вклучи се за промена** | **200.000** |
| **7.** | ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје | **Млади против трговија со луѓе** | **289.793** |
| **8.** | МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – Битола | **Младински иницијативи за вработување** | **290.000** |

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По одобрените финансиски средства за поддршка на невладините организации за реализација на проекти од областа на младите, со пренамена бр. 05-29/26 од 31.07.2018 година од страна на Министерството за финансии, Агенцијата за млади и спорт објави Оглас за финансиска поддршка на здруженија со број 12-2732/2 од 14.11.2018 година. На огласот пристигнаа 60 апликација од страна на невладините организации.

Согласно Правилникот за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите, комисијата ги разгледа апликациите и достави извештај до директорот на Агенцијата за млади и спорт.

**Директор**
**Дарко Каевски**

*Подготвил:ГЦ*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ СКОПЈЕ